Архивски знак: 0507
Рок на чување:
26.11.2018 година
Потпис,

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.10.00.УП.001.05-ОБ.05.05

Врз основа на член 142 став 6 и член 162 став 1 од Законот за јавни набавки набавки („Сл. весник на РМ" број 27/15, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16, 165/17 и 83/17) и членовите 49 став 2 и 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ" број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), директорот на Царинската управа донесе

ОДЛУКА
за избор на најповолна понуда

Врз основа на Извештајот број 05-049997/18-0010 од 23.11.2018 година, доставен од Комисијата за јавни набавки по спроведена постапка барање за прибирање на понуди со оглас број 20/2018 за доделување на договор за јавна набавка на услуга - **"Дезинфекција, дезинсекција и дератизација за потреби на Царинска управа"**, како најповолен понудувач се избира:

- Друштво за трговија и услуги ЗОТОКС ДООЕЛ Скопје

Правата и обврските меѓу набавувачот и понудувачот во врска со предметната јавна набавка ќе се уредат со посебен договор, склучен согласно член 208 од Законот за јавни набавки.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на член 28 од Законот за јавни набавки, директорот на Царинската управа донесе Одлука за јавна набавка број 05-049997/18-0003 од 08.10.2018 година за набавка на услуга - **"Дезинфекција, дезинсекција и дератизација за потреби на Царинска управа"**.

Потребните средства за оваа намена во вкупен износ од 750.000,00 денари, вклучувајќи ги и трошоците за даноци и други јавни давачки, се планирани и обезбедени на следниов начин:

- средства во износ од 250.000,00 денари се обезбедени со буџетот на Царинската управа за 2018 година, раздел 09003, сметка 637, програма 20, ставка 424 и/или сметка 787, програма 20, ставка 424;
- средства во износ од 250.000,00 денари ќе бидат планирани и обезбедени со буџетот на Царинската управа за 2019 година, раздел 09003, сметка 637, програма 20, ставка 424;
- средства во износ од 250.000,00 денари ќе бидат планирани и обезбедени со буџетот на Царинската управа за 2020 година, раздел 09003, сметка 637, програма 20, ставка 424.

Набавката се спроведе со постапка барање за прибирање на понуди, со користење на електронски средства преку ЕСЈН и со електронска аукција како последна фаза од постапката, согласно член 22, член 100 и член 121 од Законот за јавни набавки.

По целосна проверка на документацијата, а согласно утврдените критериуми за избор на најповолен понудувач, Комисијата за јавни набавки изготви и до Директорот достави Извештај од спроведена постапка број 05-049997/18-0010 од 23.11.2018 година, со кој предлага како најповолен понудувач по предметната постапка да се избере понудувачот Друштво за трговија и услуги ЗОТОКС ДООЕЛ Скопје (ЕМБС 5732603), со поднесената понуда преку ЕСЈН.

Имајќи го во предвид горенаведеното, а по оцена на сите факти и докази приложени кон списите на предметот, а особено предлогот на Комисијата за јавни набавки, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Упатство за правно средство:
Согласно член 216 од Законот за јавни набавки, незадоволниот економскиот оператор во постапката за доделување на договор за јавна набавка може да поднесе жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки во рок од 3 (три) дена од денот на прием на известувањето за избор. Жалбата истовремено се доставува и до договорниот орган.

Директор
м-р Гоко Танасоски

Бр. 05-049997/18-0012
Скопје, 26.11.2018 г.
27. 11. 2018

Доставено во оригинал до:
- Претседателот на комисијата за јавни набавки,
- Архива и
- Предмет

Доставено преку ЕДМС до:
- Претседател, членови и заменици членови на комисија и
- Одделение за јавни набавки

Изработил: Билјана Ристовска
Одобрил: Мирјана Станоева
Согласен: Александар Петковски